Funded by the European Union

UNDP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПИСОК НА ЈАВНИ УСЛУГИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ ПОСТАПКИ ЗА РОМИ ПОВРАТНИЦИ И ЦЕНОВНИК НА УСЛУГИ

декември 2022 година, Скопје

ПОВТОРНО ДОМА, ЗА ПОДОБРА ИДНИНА

## ВОВЕД

Предмет на ова истражување е реинтеграцијата на Ромите повратници во Македонија, кои престојувале во западноевропските земји како барачи на азил или економски мигранти и списокот на услуги што им се потребни во процесот на повторна реинтеграција во општеството. Во фокусот на истражувањето беа шест области за пристап до лична документација: лични документи, социјална заштита, здравствена заштита, образование, вработување и домување. Истражувањето беше спроведено во три ромски заедници: Скопје (Шуто Оризари), Штип и Прилеп, со намера да се идентификуваат услугите што би им биле потребни и би се имплементирале во цела држава.

Цели на истражувањето беа:

- да се утврдат предизвиците при добивање социјални услуги со кои се соочуваат Ромите повратници во процесот на реинтеграција во општеството
- да се направи список на социјални услуги што се даваат, преглед на давателите на услуги, предлог-препораки на цени на услуги во делот на подготовка на барања за различни типови документи и цена на услугите за застапување на повратниците пред давателите на услуги

Истражувањето што се изврши е квалитативна анализа на примарните и секундарните податоци во врска со состојбата со реинтеграцијата на Ромите повратници во нивните заедници и во општеството во целина. Во него беа применети следниве методи за собирање податоци:

• деск-истражување;
• полуструктурирани интервјуа

Основен критериум за селекција на документите за собирање преку деск-истражувањето беше тие да даваат опис на институционалниот одговор во врска со реинтеграцијата на Ромите повратници и да овозможуваат да се следи напредокот на законската рамка. Ромите повратници се македонски граѓани од ромска националност што престојувале во странство, главно, во земјите членки на ЕУ или во западноевропските земји пошироко, како барачи на азил или економски мигранти. Овој термин ги опфаќа лицата што во земјава се вратиле доброволно и оние што странската држава ги вратила присилно, во согласност со соодветните договори за реадмисија со Република Македонија. Барачи на азил се однесува на лица - македонски граѓани што официјално поднеле барање за азил во странска држава, најчесто земја членка на ЕУ. Економски мигранти се користи за да се означат македонски граѓани што, користејќи ги привилегиите на безвизниот режим, патуваат во ЕУ за да остварат неформален работен ангажман (во т.н. сива економија), без оглед дали се придржуваат или ги прекршуваат условите за безвизен престој во странската држава (на пример, престој подолг од максимално дозволениот период).

Основниот проблем со кој се соочуваат повратниците кога ќе дојдат во Македонија е проблемот со личната документација. Иако речиси сите ја напуштиле земјата по легален пат и со легитимни патни исправи, некои од нив ги оставиле своите документи во странство, особено во случаи на депортација кога се под притисок и имаат многу малку време да се спакуваат. Поседувањето лична документација е основен предуслов за да се добие пристап до услугите, како што се социјална помош, здравствена заштита, образование итн. Во Програмата за реинтеграција на повратниците донесена во 2011 година беше планирано повратниците да добијат потврда за статус на повратник што ќе можат да ја користат за административни цели додека не им бидат издадени лични документи. Програмата за остварување социјална заштита ја потврдува посветеноста на Македонија за спроведување на Програмата за помош и поддршка при реинтеграцијата на повратниците во Македонија во согласност со договорите за реадмисија, предвидувајќи примена на „сет мерки и активности со кои на овие лица ќе им се овозможи олеснет пристап до социјалните права“. Сепак, во реалноста не е прецизирано кои мерки и активности се очекува да бидат преземени, што не нуди доволно јасна слика за планот на Владата, особено имајќи ја на ум недореченоста на временската рамка за спроведување на мерките и активностите споменати во Програмата за реинтеграција, објаснети во претходниот пасус. Сепак, во практика, повратниците не добиваат никаков документ што го потврдува нивниот статус. Што се однесува до другата документација (здравствена картичка, признавање дипломи итн.), не постои организиран систем за правна помош што ќе им помага. Друг проблем е тоа што голем број повратници, особено оние што доброволно се вратиле во Македонија, не го пријавуваат својот статус пред надлежните органи поради страв од можни последици. Откако ќе обезбедат лична документација, следниот чекор е остварување на правото на социјална заштита како месечна финансиска поддршка во согласност со Законот за социјална заштита. Со оглед на тоа што повратниците не се препознаени како посебна категорија на која треба да ѝ се обезбеди социјална заштита, не се предвидени конкретни социјални услуги што директно ќе ја таргетираат оваа група граѓани. Доколку ги исполнуваат условите, може да се пријават за социјалните услуги што се достапни за другите категории. Специфична пречка во делот на остварувањето права од социјална заштита за повратниците се јавува кај оние лица што пред да заминат во странската држава биле корисници на права од социјална заштита, а своето заминување не го пријавиле во надлежниот центар за социјална работа. Најчесто тоа се јавува поради несигурност кај граѓаните за тоа што ќе се случи во државата каде што одат, но и поради непознавањето на процедурите и можните последици од таквото непријавување. Така, кратко по нивното заминување, а најчесто во моментот кога ќе им измине рокот за редовното месечно пријавување во АВРСМ како активни барачи на работа и последователно нивно бришење од евиденцијата, надлежниот центар за социјална работа добива информација дека лицето не се наоѓа во државата и не ги исполнува условите за остварување на правото, по што следува прекин на правото и забрана за повторно остварување за период од една година.

Друг проблем со кој се соочуваат повратниците е домувањето. Пред да заминат, мнозина продаваат сѐ што поседуваат, па кога ќе се вратат остануваат без засолниште. Не постои институционална поддршка за ова прашање, иако Програмата за реинтеграција предвидува отворање прифатен центар, каде што повратниците без постојано живеалиште ќе бидат привремено сместени во период од најмногу 60 дена откако ќе се вратат во земјата. Па, така, повратниците најчесто се потпираат на роднини и пријатели или, пак, најмуваат сместување. Со оглед на тоа што најголем број повратници се со ромско потекло, ова се случува во средина каде што домувањето е еден од главните предизвици со кои, генерално, се соочува ромската

популација. Честопати се сместени во неформални населби, во импровизирани куќи и без основна инфраструктура. Ваквото несоодветно домување предизвикува проблем и за добивање лична документација, конкретно во делот на пријавување официјална адреса, бидејќи овие живеалишта најчесто се наоѓаат во неформални населби, надвор од урбанистички план, па тие немаат официјална адреса и не може да им биде запишана во личните документи. Тука граѓаните се соочуваат со дополнително развлекување бидејќи ниту центрите за социјална заштита ниту општините немаат практика да им доделуваат службена адреса на лицата што не можат да регистрираат формално живеалиште, па граѓаните се принудени да склучуваат договори за закуп со трети лица што имаат формално живеалиште за да можат да се регистрираат на официјална адреса.

Следниот предизвик што беше утврден е во однос на вработувањето и пристапот до пазарот на труд како еден од столбовите на кои било политики за еманципација на ранливите групи. Лошите економски услови се една од главните причини за зголемена нерегуларна миграција. Повратниците не добиваат доволно (со оглед на потребите или заради административни причини) институционална поддршка што ќе им помогне да добијат информации за можностите за вработување. Како и другите активни барачи на работа, повратниците имаат пристап до мерките што се применуваат преку агенцијата за вработување. Според АВРМ, стапката на невработеност кај ромската популација е најмалку двапати поголема во споредба со другите. Ромите, особено Ромките, се соочуваат со поголема невработеност, помалку се платени за слична работа и постои поголема веројатност дека ќе работат работа за која се потребни пониски квалификации и во неформални услови. Оттука, ова е уште една област во која треба да се работи.

Ромите повратници, исто така, се соочуваат со предизвикот да обезбедат здравствено осигурување и со тоа да имаат пристап до системот на јавното здравство. Податоците покажуваат дека голем дел од Ромите повратниците имаат потреба од здравствено осигурување на сметка на државата, но се соочуваат со недоволно познавање за своите права од областа на здравствената заштита и осигурување, што придонесува за лошата здравствена состојба на ромската популација. Еден дел од Ромите повратници се соочуваат со тешкотии поврзани со немањето матична евиденција и/или лични документи. Ваквата ситуација, во комбинација со непознавањето на правната рамка во областа на здравственото осигурување, ги спречува Ромите повратници да ги искористат и оние права што им стојат на располагање, како што е правото на бесплатна имунизација на децата.

Во Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020 и Националната стратегија за Ромите во РМ 2014-2020 не се наведени Ромите повратници како посебна категорија корисници на мерките за поттикнување на вклученост на децата Роми во системот за предучилишно образование. Основното и средното образование во Македонија се задолжителни. Образовната структура на ромската заедница е неповолна и е под националниот просек. Но во новата Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 децата повратници се препознаваат како целна категорија во ризик од напуштање и непродолжување на образованието (основно и средно), при што се предвидени мерки за нивно вклучување (креирање програма за лица што го напуштиле образованието/ деца на улица, деца повратници од странство, лица што се постари од 18 години и други мерки за спречување на напуштањето).

**Број на запишани ученици во основно образование по одделенија**

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ученици Роми учебна 2016/2017** | 1497 | 1332 | 1099 | 1115 | 941 | 946 | 840 | 811 | 747 |
| **Ученици Роми учебна 2017/2018** | 1361 | 1583 | 1253 | 1048 | 1037 | 964 | 861 | 691 | 696 |
| **Ученици Роми учебна 2018/2019** | 1441 | 1399 | 1420 | 1147 | 912 | 1044 | 785 | 758 | 596 |
| **Ученици Роми учебна 2019/2020** | 1574 | 1574 | 1310 | 1361 | 1064 | 977 | 819 | 701 | 644 |

**Извор: Државен завод за статистика**

Според некои податоци, 73 отсто од ромските деца завршуваат основно образование наспроти просекот од 96 проценти кај вкупното население. Јазот е уште поголем во средното образование што го завршуваат само 12 отсто од ромските деца и млади наспроти националниот просек од 60 проценти.

**Број на запишани ученици во средно образование**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Учебна 2016/2017** | **I година** | **II година** | **III година** | **IV година** |
| | **409** | **423** | **345** | **232** |
| **Учебна 2017/2018** | **I година** | **II година** | **III година** | **IV година** |
| | **556** | **357** | **371** | **228** |
| **Учебна 2018/2019** | **I година** | **II година** | **III година** | **IV година** |
| | **511** | **413** | **295** | **215** |
| **Учебна 2019/2020** | **I година** | **II година** | **III година** | **IV година** |
| | **500** | **466** | **382** | **171** |

**Извор: Државен завод за статистика**

**ПРЕГЛЕД НА УСЛУГИ**

*1) Лични документи*

Особено важно е да се нагласи значењето на документите за лична идентификација: извод од матичните книги на родените и на венчаните, лични карти и пасоши. Без овие документи практично не може да остварите ниедно право како граѓанин на Македонија. Затоа, по враќањето во земјава, прв приоритет треба да биде да се извадат наведените документи за сите членови на семејството што се повратници. За изводите од матичните книги надлежна е Управата за водење на матичните книги. Во секое поголемо место во Македонија има подрачни канцеларии за вадење документи.

Список на услуги:

- Услуги што се обезбедуваат во земјата од каде што се враќа повратникот - извод на родено дете од странство
- Барање за издавање лична карта
- Барање за извод од Матичната книга на родените заради истечени лични документи
- Барање за упис во Книга на родени на деца родени во странство
- Барање за извод од Матичната книга на венчаните
- Барање за издавање документ Извод на родени
- Барање за издавање пасош
- Барање за трансакциска сметка и дебитна картичка од банка
- Барање за државјанство

| Барање | Институција/орган до кој се поднесува барањето | Потребно време за одговор на барањето | Потребни документи кон барањето | Цена на такса за услугата | Препорачана цена на услугата |
|---|---|---|---|---|---|
| Барање за издавање лична карта | МВР | 10 работни дена | • Пополнето барање<br>• Уплатница<br>• Стара лична карта или важечки документ пасош | 290 денари | 300 денари |
| Барање за издавање пасош | МВР | 15 работни дена | • Пополнето барање<br>• Уплатница<br>• Стар пасош и важечки документ | 1500 денари за барање 300 денари административна такса | 300 денари |
| Упис на дете во Книга на родени | Управа за водење на матични книги | 10 работни дена | • Барање за извод<br>• Копија од лична карта или пасош на родителите и оригинал на увид<br>• Извод од Матичната книга на венчаните за родителите<br>• Нотарски акт дека се во заедница<br>• Барање за издавање извод од Матична книга на родените за новороденче<br>• Уплатница на износ од 100 денари за административна такса<br>• Уплатница на износ од 50 денари на Управата за водење на матичните книги | 150 денари | 600 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Барање за извод од Матичната книга на венчани | Управа за водење на матични книги | 10 работни дена | • Барање за извод<br>• Копија од лична карта или пасош на лицата | 150 денари | 300 денари |
| Барање за државјанство | МВР | 5 дена | • Пополнето Барање<br>• Уплатница<br>• Важечки документ пасош или лична карта | 150 денари | 300 денари |
| Барање на упис во Книга на родени на деца родени во странство | Управа за водење на матични книги | 5 дена | • Барање за извод<br>• Копија од лична карта или пасош на родителите и оригинал на увид<br>• Извод од Матичната книга на венчани за родителите<br>• Нотарски акт дека се во заедница<br>• Извод од болница во странство нотарски заврена<br>• Уплатница на износ од 100 денари за административна такса<br>• Уплатница на износ од 50 денари на Управата за водење на матичните книги | 150 денари зависи од процедурата и документацијата што ја имаат | 300 денари |
| Барање за трансакциска сметка и дебитна картичка од банка | Банка | 1 ден за изработка на трансакциска сметка и 7 дена за дебитна картичка | • Барање за трансакциска сметка<br>• Личен документ | 100 - 300 денари | 300 денари |

**2) Социјална заштита**

За да се оствари кое било право од социјална заштита, претходно мора да се обезбеди лична документација. Како повратници не се категоризирани како посебна ранлива група, но обезбедени им се исти права како за сите граѓани на Република Македонија.

За да се оствари правото на социјална парична помош, лицето треба да е невработено лице што активно бара работа и да е член на „материјално необезбедено домаќинство“. Главен услов за социјална парична помош е лицето и неговото семејство да се соочуваат со тешкотии да обезбедат средства за егзистенција. Тоа не значи дека треба воопшто да нема приходи, туку просечните вкупни месечни приходи во семејството во последните три месеци пред да се поднесе барање треба да бидат пониски од износот на социјалната парична помош.

Список на услуги:

- Барање за доделување еднократна парична помош
- Извод од родени
- Извод од венчален лист
- Лични карти
- Барање за обнова на ГМП (гарантирана минимална помош)
- Барање од МТСП
- Документација од лекар
- Барање - жалба за вратени решенија за одбиена ГНП
- Барање за остварување родителски додаток за трето дете

| Барање | Институција/орган до кој се поднесува барањето | Потребно време за одговор на барањето | Потребни документи кон барањето | Цена на такса за услугата | Препорача на цена на услугата |
|---|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош | МТСП | 15 дена | • Извод од Матичната книга на родени<br>• Извод од Матичната книга на венчани, доколку има склучено брачна заедница<br>• Извод од Матичната книга на умрени, за починат член на семејството<br>• Потврда за примена нето- плата во последните три месеци пред поднесувањето на барањето<br>• Потврда за остварена пензија, за пензионери<br>• Потврда од Агенција за вработување на Република Северна Македонија за невработени членови во семејството<br>• Уверение за пријавени или остварени приходи од Управата за јавни приходи | | 600 денари |
| Барање за обнова на ГМП | МТСП | 30 дена | • Извод од родени<br>• Документација (медицинска)<br>• Извод од Матичната книга на венчани ако се во брак или изјава<br>• Лични документи за идентификација<br>• Трансакциска сметка | | 600 денари |
| Барање - жалба за вратени | МТСП | 30 дена | • Пополнета жалба | | 600 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| решенија за одбиена ГНП | | | | | |
| Барање за остварување родителски додаток за трето дете | МТСП | 30 дена | • Извод од Матичната книга на родени<br>• Извод од Матичната книга на венчани, ако се во брак или изјава<br>• Лични документи за идентификација<br>• Трансакциска сметка | | 600 денари |
| Барање за еднократен надоместок за новородено дете | МТСП | 30 дена | • Извод од Матичната книга на родени<br>• Лични документи за идентификација<br>• Трансакциска сметка | | 600 денари |

### *3) Здравствена заштита*

За да може лицето што е повратник од странство да ги користи услугите на јавното здравство - матичен лекар, стоматолог (заболекар), гинеколог, здравствен дом или болница, мора да е здравствено осигурен во Фондот за здравствено осигурување или да е корисник на социјална помош. Доколку не е, трошоците за прегледи и лекување ќе треба да ги плати самото лице. Доколку лицето се вработи, ќе биде здравствено осигурено преку работодавецот. Во таков случај, здравствено осигурување следува и за неговите деца и брачниот другар.

Список на услуги:

- Барање - Пријава за здравствено осигурување
- Пријавување кај матичен лекар, гинеколог, вакцинација

| **Барање** | **Институција/орган до кој се поднесува барањето** | **Потребно време за одговор на барањето** | **Потребни документи кон барањето** | **Цена на такса за услугата** | **Препорачана цена на услугата** |
|---|---|---|---|---|---|
| Пријава за здравствено осигурување | Фонд за здравство | 1 ден | • Извод од Матичната книга на родени<br>• Потврда за невработено лице од АВРМ<br>• Лични документи за идентификација | 150 - 300 денари | 500 денари |
| Пријавување за матичен лекар | Матичен лекар | 1 ден | • Здравствена книшка<br>• Лични документи за идентификација | | 300 денари |
| Стоматолог | Матичен стоматолог | 1 ден | • Здравствена книшка<br>• Лични документи за идентификација | | 300 денари |
| Вакцинација | Матичен лекар | 1 ден | • Здравствена книшка<br>• Лични документи за идентификација | | 300 денари |

### *4) Образование*

Основното и средното образование во Македонија се задолжителни и бесплатни за секое дете без разлика на полот, етничката или верската заедница или имотната состојба. Во предучилишно образование родителите може да ги запишат своите деца во детска градинка или во центар за ран детски развој. Пријавите за упис во детска градинка родителите можат да ги поднесат преку целата година и најчесто се потребни следниве документи: извод од Книгата на родени за детето и копија од лична карта на родителот/родителите. Треба да се има предвид дека градинката, поради презафатеност, можеби нема да биде во можност да го прифати детето.

Список на услуги:

- Барање за запишување деца во градинка
- Запишување во основно и средно образование во согласност со објавен уписен рок
- Барање за враќање во образовен процес во основно училиште
- Барање за враќање во образовен процес во средно училиште
- Барање за нострификација на свидетелство

| **Барање** | **Институција/орган до кој се поднесува барањето** | **Потребно време за одговор на барањето** | **Потребни документи кон барањето** | **Цена на такса за услугата** | **Препорачана цена на услугата** |
|---|---|---|---|---|---|
| Запишување дете во градинка | Општина | 15 дена | • Досие за дете (пополнето од матичен лекар)<br>• Извод од Матичната книга на родени<br>• Лични документи за идентификација<br>• Потврда за работен однос на родителите (ако уписот се врши преку Проект за инклузија на деца Роми во јавни детски установи, се доставува потврда дека родителите се невработени, доказ дека се корисници на права од социјална заштита или доказ |  | 900 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | дека се згрижувачко семејство)<br>• Потврда за редовна имунизација и микробиолошки брисеви за детето | | |
| Запишување дете во основно или во средно образование во согласност со објавен уписен рок | Основни и средни училишта | | • Извод од Матичната книга на родени<br>• Лична карта од родител на увид<br>• Потврда за редовна имунизација, стоматолошки и офталмолошки преглед (за упис во основно образование)<br>• Пријава за упис во средно образование<br>• Свидетелства од шесто до деветто одделение (за упис во средно образование)<br>• Дипломи за освоени места на натпревари, доколку ги има (за упис во средно образование)<br>• Изјава за етничка припадност - за искористување афирмативна мерка за дополнителни квоти за припадници на заедниците што не се мнозинство во РСМ (за упис во средно образование) | | 900 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Барање за враќање во образовен процес во основно училиште | Општина | 7 дена | • Барање за враќање во образовен процес<br>• Извод од Матичната книга на родени<br>• Документација (свидетелства, потврда од странство дека посетувал настава)<br>• Такса | 70 денари | 900 денари |
| Барање за враќање во образовен процес во средно училиште | Министерство за образование | 7 дена | • Барање за враќање во образовен процес<br>• Извод од Матичната книга на родени<br>• Документација (свидетелства, потврда од странство дека посетувал настава)<br>• Такса | | 900 денари |
| Барање за нострификација на свидетелство | Министерство за образование | 60 дена | • Барање за нострификација на диплома<br>• Извод од Матичната книга на родени<br>• Документација со официјален превод на македонски јазик (свидетелства, потврда од странство дека посетувал настава)<br>• Нотарски заверени документи<br>• Такса | 2000 МКД за нострификација + 250 МКД административна такса ( корисниците на ГМП се ослободени од плаќање надоместок за нострификација) | 1500 денари |

### *5) Вработување*

Носител на владините активни мерки и политики за поттикнување на вработувањето е Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ). Основен услов за користење на активните мерки за поттикнување на вработувањето е лицето да биде регистрирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како активен барач на работа (да се пријавува секој месец во АВРМ како невработено лице). Како дел од ранливите групи, Ромите кои се активни барачи на работа може да учествуваат во Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик.

Список на услуги:

- Упатување на обуки
- Информирање за мерки и програми од ОП
- Барање до Агенцијата за вработување за регистрација на активен барач на работа
- Жалба до Агенцијата за вработување за одбиено барање за регистрација како активен барач на работа

| **Барање** | **Институција/ орган до кој се поднесува барањето** | **Потребно време за одговор на барањето** | **Потребни документи кон барањето** | **Цена на такса за услугата** | **Препорачана цена на услугата** |
|---|---|---|---|---|---|
| Информирање за мерки и програми | АВРМ | Зависност од мерка | • Активен барач на работа<br>• Документ за лична идентификација | / | Во согласност со ценовникот на УНДП што постои за ментори |
| Информирање за обуки | АВРМ | Зависност од мерка | • Активен барач на работа<br>• Документ за лична идентификација | / | Во согласност со ценовникот на УНДП што постои за ментори |
| Барање за регистрација на активен барач на работа | АВРМ | 1 ден | • Документ за лична идентификација | / | Во согласност со ценовникот на УНДП што постои за ментори |
| Жалба | АВРМ | 30 дена | • Пополнување жалба<br>• Документ за лична идентификација | / | 600 денари |

***6) Домување***

Во Македонија нема посебни мерки за обезбедување привремено или постојано сместување за повратниците од странство. Ромите повратници може да добијат одредена поддршка од државата за решавање на станбеното прашање, под исти услови како и сите други граѓани во земјава. Затоа, по враќањето од странство, лицата се враќаат во живеалиштето (домот) или во заедницата (семејство, роднини, пријатели) каде што живееле пред да заминат во странство. Барањето за легализација (односно барање за утврдување правен статус на бесправен објект) се поднесува до општината. Корисниците на социјална и постојана парична помош и лицата со ниски парични примања имаат право на бесплатни елаборати за легализација на дивоградбите во кои живеат.

Список на услуги:

- Барање за легализација на објект
- Барање за оставинска постапка
- Барање за имотен лист
- Барање за адреса

| **Барање** | **Институција/орган до кој се поднесува барањето** | **Потребно време за одговор на барањето** | **Потребни документи кон барањето** | **Цена на такса за услугата** | **Препорачана цена на услугата** |
|---|---|---|---|---|---|
| Барање за легализација на имот | Општина | мин. 15 дена | • Техничка документација<br>• Лични документи за идентификација<br>• Такса | Во зависност од големината на имотот | 2500 денари |
| Барање за оставинска постапка | Суд | Во рок од 5 дена започнува постапката | • Извод од Матичната книга на родени<br>• Извод од Матичната книга на умрени<br>• Документација (имотен лист)<br>• Такса | Во зависност од големината на имотот | 2500 денари |
| Барање за имотен лист | Катастар | 1 ден | • Барање за имотен лист<br>• Такса<br>• Документ за лична идентификација | 180 денари | 600 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Барање за адреса | МВР | 7 дена | • Барање за адреса<br>• Лични документи за идентификација<br>• Такса | | 300 денари |

## Препораки:

Со цел успешна реинтеграција на Ромите повратници во Македонија се препорачува креирање сет мерки и активности што ќе придонесат за успешна реинтеграција. Препораките се изработени следствено можностите и потребите на целната група, но и на општините. Истовремено, во имплементацијата на препораките може да се вклучат и странски организации и/или донатори што ќе придонесат во реинтеграцијата на Ромите повратници, но и да се намали нивниот број.

1) Следење на примерот на бесплатна правна помош и издвојување годишен буџет во рамките на општината за потребите на Ромите повратници (буџет за такси, пишување и дополнување документи, различни барања за регистрираните и препознаени организации во општината што даваат вакви услуги)
2) Воспоставување focal point (централно место) во општината што ќе дава информации за повратниците и тие ќе може да се информираат за сите права и можности што им се потребни, поврзани со реинтеграција
3) Издвојување финансиски средства во рамките на општинскиот буџет за финансирање на услугите што им се потребни на Ромите повратниците
4) Изработка на критериуми за изработка на дата база од невладини организации или граѓански организации во општината што им нудат и им даваат услуги на Ромите повратници, а препознаени се меѓу целната јавност (Роми)
5) Креирање платформа за следење на услугата во процесот на нејзино имплементирање со цел воспоставување меѓуресорско тело или механизам за координација и за размена на податоци и на информации поврзани со повратниците
6) Информирање на Ромите повратници и користење услуги од Програмата за бесплатна правна помош
7) Застапување и претставување на повратникот од овластен претставник одобрен од општината, кој претходно е регистрирани во општината, а е препознаен меѓу целната јавност (Роми)
8) Focal point или служба (работна позиција) во општината што ќе ги следи потребите на повратникот и напредокот на добивањето услуга или сет услуги
9) Изработка на дигитална алатки за поддршка на хоризонталното поврзување на локалните институции, со општината и локалните НВО
10) Модел препорака за вертикално поврзување на локалните со националните институции
11) Изработка на промотивни материјали (на македонски и ромски јазик) за користење услуги од овластените НВО за интеграција на повратниците во системот